Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

| Број 21 | Година IV | 28.09.2011г. |

Бесплатен примерок




## НОВ ЛИК ЗА БУЛЕВАРОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ




# БУЛЕВАРОТ СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ДОБИ НОВ ЛИК




Претходно...

Градот Скопје за само три месеци успешно го заврши проектот за проширување и реконструкција на булеварот Свети Климент Охридски, на потегот од крстосницата со улицата Мито Хаџивасилев Јасмин до крстосницата со булеварот Партизански одреди во должина од 524 метри. Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и градоначалникот на општината Центар, Владимир Тодоровиќ на 7 септември и официјално го пуштија во употреба булеварот.

- Ми претставува особено задоволство што токму по повод 20-годишнината од независноста на Република Македонија можам да објавам дека Градот Скопје успешно ја заврши првата фаза од проектот за проширување и реконструкција

на булеварот Свети Климент Охридски. Од почетокот на реконструкцијата на 8 јуни, за само три месеци, булеварот Свети Климент Охридски доби по три коловозни ленти во секоја насока, широки по 3,5 метри, средишно зеленило на чиешто место ќе се формира жардиниера и нови тротоари покриени со бекатон-плочки. Значајно е што на некои места каде што тротоарот беше многу тесен и речиси непрооден сега има прифатлива широчина од 1,5 метри. На проширениот дел од булеварот Свети Климент Охридски асфалтирана е површина од 13 423 квадратни метри, наместени се нови рабници во должина од 2 280 метри, а со бекатон-плочки е покриена површина од 2 350 квадратни метри - вели Градоначалникот Трајановски.



Со проектот се преуредени и постојните крстосници - на крстосницата со булеварот Партизански одреди се скратени пешачките острови со што булеварот Партизански одреди доби трета коловозна лента во насока кон центарот на градот. На крстосницата со улицата Димитрие Чуповски се уредени пешачките острови и е направен нов распоред на семафорските столбови.

Во текот на градежните работи постојните подземни инсталации се дислоцирани под тротоарите. Постојната водоводна цевка (Ф 1 400 мм) е целосно заштитена со армирано-бетонска конструкција. Заменет е и 35 киловолтниот енергетски кабел и е дислоциран под тротоарот. За одведување на атмосферските води од новата сообраќајница се изведени дополнителни 42 сливници, а се заменети и оштетените капаци на 14 канализациски шахти.



- Проектот за проширување и реконструкција на булеварот Свети Климент Охридски, Градот Скопје го заврши пред крајно определениот рок. На терен работеа екипите на градежната компанија „Гранит". За реализација на овој капитален проект Градот Скопје одвои околу 37 милиони денари. Сакам да им се заблагодарам на моите сограѓани за разбирањето и трпението што го покажаа во текот на градежните работи. Проширувањето на булеварот Свети Климент Охридски е само уште еден во низата капитални проекти на Градот Скопје коишто значително ќе придонесат за намалување на сообраќајниот метеж во градот, ќе го скратат времето на патување и ќе придонесат за заштита на животната средина – нагласува Градоначалникот Трајановски.



# ГОЛЕМА РЕКОНСТРУКЦИЈА


Претходно...


Булевар Васил Главинов

Оштетените тротоари коишто со години создаваа проблеми во движењето на пешаците и претставуваа грда слика за градот полека стануваат минато. Обемниот проект за реконструкција на тротоарите и пешачките патеки по должината на неколку клучни улици и булевари во централното градско подрачје е во завршна фаза. Тротоарите беа целосно раскопани и се покриваат со бетонски префабрикувани плочи.

На обнова на тротоарот од двете страни на булеварот Гоце Делчев, на потегот од мостот „Гоце Делчев" до крстосницата со улицата Васил Аџиларски работат екипите на ИГМ „Вратница". На овој потег се реконструира површина од околу 4.000 квадратни метри.

Тротоарот и пешачката патека на булеварот Партизански одреди, пред Соборниот храм, на дел од булеварот ВМРО, како и патеката пред објектот на НУБ „Свети Климент Охридски" ќе се обноват на површина од околу 3.500 квадратни метри. На реконструкција на овој потег работи градежната компанија „Чингар инжинеринг" од Скопје.

Деновиве се обновува и тротоарот по должината на улиците Васил Аџиларски и 11Октомври, кај паркот „Жена-борец", на површина од околу 3.800 квадратни метри. На оваа делница работат градежниците на „Пелагонија – Гостивар".


Претходно...


Булевар Гоце Делчев


Претходно...


Булевар Партизански одреди

# НА ТРОТОАРИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Тротоарите по должината на улицата Васил Главинов и на дел од пешачката зона на булеварот Илинден (од мостот „Гоце Делчев“ до зградата на Владата на Република Македонија) се реконструираат на површина од околу 5.000 квадратни метри. На терен работат екипите на „Урбан инвест“.

За реализација на обемниот проект за реконструкција на тротоарите во централното градско подрачје Градот Скопје предвиде околу 32 милиона денари.


Претходно...


Булевар ВМРО


Претходно...


Улица 11.Октомври


Претходно...


Булевар Илинден

# УЛИЦАТА КОЗЛЕ ЌЕ ДОБИЕ НОВ АСФАЛТ



Улицата Козле наскоро ќе добие нов асфалт на потегот од бензинската пумпа на „Макпетрол“ до последната станица на автобуската линија број 57. Екипите на Градот Скопје почнаа да го обновуваат коловозот на оваа сообраќајница на почетокот на јули и досега е изгребан стариот и оштетен асфалт, се редат рабниците, се уредуваат тротоарите и се прават подготовки за асфалтирање.

Според проектот, улицата се реконструира во должина од 1 301 метар. Од двете страни на коловозот се формирани тротоари што ќе се покријат со бекатон-плочки. Тротоарите ќе бидат со променлива широчина од 80 сантиметри до 1,5 метри, во зависност од постојните објекти и од потпорните ѕидови на сообраќајницата.

На улицата Козле се поставува и нова атмосферска канализација (Ф 500) со вкупна должина од 603 метри што ќе обезбеди непречено одведување на атмосферските води.

На обнова на улицата Козле работат екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“. За овој капитален градежен зафат Градот Скопје ќе одвои околу 26 милиони денари.



*Од булеварот 8.Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол“*

# СЕ ПРОШИРУВА ВТОРИОТ ДЕЛ НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН

Градежните работи за реконструкција и проширување на булеварот Илинден од крстосницата со булеварот 8.Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол“ се пред самиот крај. Коловозот долг 280 метри е целосно асфалтиран, а во наредниве денови ќе се работи на изградба на тротоарите.

Со реконструкцијата, булеварот Илинден на оваа делница ќе добие 4 коловозни ленти, а ќе се изведе и дополнителна лента за вртење налево. Од десната страна (во насока од центарот на градот кон населбата Карпош) ќе се формира велосипедска патека широка 2,5 метри. Крстосницата на булеварот Илинден со улиците Бледски договор и Борис Трајковски ќе биде семафоризирана.

Проширувањето на новата делница од оваа фреквентна сообраќајница ќе го растовари метежот што се создава на крстосницата со улиците Бледски договор и Борис Трајковски, ќе се изврши координација со семафорите на крстосницата со булеварот 8.Септември и ќе овозможи побезбедно одвивање на сообраќајот.

На проширување и реконструкција на булеварот Илинден од крстосницата со булеварот 8.Септември до бензинската пумпа на „Макпетрол“ работат екипите на ЈП „Улици и патишта“. За реализација на овој проект Градот Скопје ќе одвои околу 20 милиони денари.




Претходно...





# НОВ АСФАЛТ И ЗА УЛИЦАТА РАДИШАНСКА

Нов асфалт доби и улицата Радишанска, во општината Бутел. Екипите на Градот Скопје обновија 700 метри од сообраќајницата по должината на трите влеза во населбата Радишани.

Во текот на градежните работи на улицата Радишанска беа санирани претходно направените прекопи, беа поставени нови рабници и три нови сливници за одведување на атмосферските води. Оштетениот асфалт е изгребен и нанесен е нов асфалтен слој. Тротоарите по должината на оваа делница се покриени со бекатон-плочки.

На обнова на коловозот на улицата Радишанска работеа екипите на градежната компанија „Хуљуси комерц“, а за реконструкцијата Градот Скопје одвои околу 10 милиони денари.

Градот Скопје деновиве се подготвува за втората фаза од реконструкцијата на улицата Радишанска, во насока кон населбата Бутел, во должина од 1.000 метри.



Претходно...

За потребите на ЈП „Улици и патишта“

# АСФАЛТНА БАЗА ПО ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ


Претходно...

Градот Скопје вложи 15 милиони денари за целосна реконструкција на асфалтната база на ЈП „Улици и патишта“ што се наоѓа во кругот на фабриката „Железара“ во Бутел. Асфалтната база на почетокот на ова лето беше обновена според европски стандарди. Со нејзината реконструкција јавното претпријатие ја подобри ефикасноста во работењето, односно се подобри квалитетот на асфалтот и времето за негова изработка, а се намали можноста од дефекти.

Реконструкцијата на машинскиот дел на асфалтната база ја изврши словенечката фирма „Асфалтна техника“, во соработка со фирмата „Хидрометал“ Скопје. Асфалтната база е комплетно автоматизирана - целото производство е контролирано преку компјутерски систем. Решен е и проблемот со загадувањето на воздухот преку нови воздушни филтри коишто ги задоволуваат европските стандарди. Екипите на ЈП „Улици и патишта“ го уредија опкружувањето на асфалтната база што опфаќа магацин за складирање енергенси со шест бокса, сообраќајници и тревни површини. Исто така, оспособен е и пункт за Зимската служба на Град Скопје во којшто се изградени магацини за индустриска сол и ладен асфалт.

Асфалтната база на ЈП „Улици и патишта“ е изградена пред 44 години и досега ниту еднаш не е реконструирана.





# НОВО ПАРКИРАЛИШТЕ ПРЕД ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА


Претходно...

Посетителите на Зоолошката градина од овој месец имаат можност да се паркираат на ново паркиралиште од десната страна на булеварот Илинден. Паркиралиштето, коешто го изградија екипите на Градот Скопје, располага со места за 93 возила, широко е 18 метри, а долго 152 метри.

Меѓу тротоарот на булеварот Илинден и паркиралиштето е оформен зелен појас со ширина од 10 метри. Околу паркингот наесен ќе бидат засадени два дрвореда од јапонски цреши коишто формираат крошни од 4 до 5 метри.

На паркингот се поставени 7 двокраки конзоли за осветлување од страната на булеварот Илинден и 4 нови еднокраки столбови за осветлување од страната на објектот на Зоолошката градина. Поставена е и атмосферска канализација долга 180 метри, којашто овозможува одведување на атмосферските води.

На изградба на новото паркиралиште работеа екипите на градежната компанија „Жикол" од Скопје, а Градот Скопје за овој проект од Буџетот одвои околу 10 милиони денари.

Како дел од проектот за уредување на просторот околу проширениот булевар Илинден екипи на Градот Скопје урнаа 2 објекта за индивидуално домување што се наоѓаа меѓу зградата на Зоолошката градина и последната барака на Град Скопје. Во согласност со спроведеното вештачење објектите беа експроприрани, а Градот Скопје за четирите семејства обезбеди станови. Вредноста на обесштетувањето изнесува околу 100 000 евра.

# РОЛЕРСКАТА ПАТЕКА Е ПРОДОЛЖЕНА ДО МОСТОТ „БЛИЗНАК“

Ролерско-велосипедската патека од левата страна на кејот на реката Вардар, којашто минатата година беше изградена до фабриката „Комуна“, летово беше продолжена до мостот „Близнак“. Оваа патека нуди можност за спортување и рекреација, како и непрекината велосипедска врска од центарот на градот до Ќерамидница и Автокоманда.

Ролерско-велосипедската патека во делот од фабриката „Комуна“ до мостот „Близнак“ е долга 2.338 метри, а широка 4 метри. Патеката е асфалтирана и обележана со хоризонтална сигнализација и со сообраќајни знаци. На изградба на овој дел од ролерско-велосипедската патека на кејот работеа екипите на фабриката „Карпош“ и на ЈП „Улици и патишта“. Градот Скопје за овој градежен зафат потроши околу 7 милиони денари.







# ОСВЕТЛЕНИ ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ...

Покрај патеката на кејот на реката Вардар во општината Ѓорче Петров минатиот месец беа поставени 117 нови метални декоративни столбови за јавно осветлување со висина од 4,5 метри, на коишто се монтирани светилки од 100W. Со овој проект Градот Скопје го подобри осветлувањето на пешачката патека во должина од 3 100 метри.

За реализација на овој зафат Градот Скопје од буџетот издвои 6,5 милиони денари, а на терен беше ангажирана фирмата „Дигитал" ДОО од Струмица.



# ...И ВО ПАРК-ШУМАТА „ГАЗИ БАБА"

За да ја зголемат безбедноста на минувачите екипи на Град Скопје деновиве поставија нови светилки и на пешачката патека во парк-шумата „Гази Баба" во должина од 680 метри. Поставени се 29 нови декоративни столбови за јавно осветлување со висина од 4,5 метри и светилки од 150W.

Градот Скопје за овој проект од буџетот издвои 2,5 милиони денари, а на терен работеа екипите на фирмата „Дигитал" ДОО од Струмица.

# НОВИ СВЕТИЛКИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК



Нови декоративни светилки од минатиот месец го осветлуваат првиот дел од Градскиот парк. Поставени се 27 нови метални декоративни столбови со висина од 5 метри, на коишто се монтирани светилки од 70W. За да се унифицира изгледот и типот на столбови и светилки во одредени делови на паркот, извршена е и дислокација на 10 постојни столбови со светилки.

Во рамките на оваа активност поставени се и 7 рефлектори со метал халогени извори на светлост од 50W за осветлување на фонтаната „Хептагон". Заради фактот што овие светилки се постојано изложени на влага, а со цел безбедно да работат и да не претставуваат опасност за корисниците, поставени се и два трансформатора 220/12V од по 500VA.

За реализација на овој проект беше ангажирана фирмата „Магнус инженеринг", а Градот од буџетот издвои 2,6 милиони денари.





# УНИФИЦИРАНИ АВТО-ТАКСИ ОЗНАКИТЕ

Со промоцијата на изгледот на унифицираните ознаки за авто-такси превозниците Градот Скопје ја почна реализацијата на новиот концепт и организација на овој вид превоз на патници, утврден со Одлуката донесена во месец октомври 2010 година. Во оваа фаза такси–превозниците добија унифициран изглед во надворешното обележувањето на возилата и внатрешниот изглед на возилото. Секое возило добива унифицирана табла со натпис ТАКСИ и број од изводот од лиценцата, издадена од Град Скопје.

Такси возилата се видно обележени и со надолжни налепници, изработени од ретрорефлектирачка фолија (лесно воочлива и во темнина), заштитена од фалсификување со холограм. Во внатрешниот дел на секое возило се поставуваат информации за извод од лиценцата на авто-такси возилото; легитимација на возачот и тарифа за наплата. Овие изводи со унифицирани димензии се поставуваат на пропишани јасно воочливи места за патниците на предната табла во возилото.

Градот Скопје за изработка на ознаките за унифицирање (табли и налепници) за сите возила предвидени со Одлуката издвои околу 5,8 милиони денари. Унифицирањето на изгледот на авто-такси возилата во оваа фаза ќе придонесе да се стави крај на долгогодишниот хаос во такси-превозот, со што ќе се подобри квалитетот на услугите, безбедноста на патниците, како и условите за работа на такси-превозниците.

Во Градот Скопје досега пристигнаа барања од 824 правни субјекти за издавање лиценца и има издадено лиценци за 1 900 авто-такси возила.






## 130 НОВИ ТАКСИ-СТОЈАЛИШТА

Градот Скопје ќе уреди 130 нови такси-постојки, со што ќе се обезбедат услови за стационирање на околу 720 авто-такси возила. Екипите на ЈП „Улици и патишта", по налог на Град Скопје, деновиве работеа на изградба на десетина нови такси-стојалишта, на улиците Ѓорче Петров, Љубљанска, Мирче Ацев, Горѓи Капчев, Трета македонска бригада, 12.Македонска бригада, Водњанска, неколку улици во населбата Пинтија, како и на булеварот Кочо Рацин.

**Се комплетира возниот парк на ЈСП**

# ДВОКАТНИ АВТОБУСИ НА УЛИЦИТЕ НА СКОПЈЕ




Шеесет и осум двокатни автобуси, од коишто еден е панорамски, од почетокот на месецов возат по улиците на Скопје. Двокатните автобуси сообраќаат на линиите 2, 3, 3А, 3Б, 4, 4А, 5, 7, 7Б, 8, 9, 15, 15А, 19, 21А, 22, 22А, 24, 26, 31, 35, 41, 50, 53, 57, 57А, 63Б, 65В и на линијата „Милениумски крст“.

На почетокот на овој месец, освен двокатните автобуси од Кина, во Скопје пристигнаа и 39 нископодни автобуси од Украина. Со оваа пратка во градот пристигнаа сите автобуси од Украина, а во следните две години се очекуваат и преостанатите 134 двокатни автобуси од Кина. Автобусите од Кина и од Украина се набавени со средства од Владата на Република Македонија.

Новите автобуси се изработени според сите водечки технологии и се опремени со надворешни и со внатрешни информатори, клима-уреди, рампи за лицата со посебни потреби, како и еколошки мотори коишто ќе обезбедат помало загадување на воздухот и помала потрошувачка на гориво.

- Со набавката на овие автобуси полека, но сигурно, ги решаваме проблемите во јавниот транспорт. Новите автобуси се побезбедни, поеколошки и поекономични. Со ова се враќа популарноста на јавниот градски превоз – вели градоначалникот Коце Трајановски.






# ПРИКОЛКА ЗА ПРЕВОЗ НА КРУПЕН ДОБИТОК

По иницијатива на месните заедници и на граѓаните, Градот Скопје за потребите на ЈП „Комунална хигиена“ во јули набави приколка за превоз на крупен добиток. Приколката ќе се користи за транспорт на коњи коишто ќе бидат заловени на јавните зелени површини низ градот.

Откако ќе се залови, коњот ќе се однесе во стационарот „Вардариште“ каде што може да остане од 15 до 30 дена. Доколку во тој период не дојде по него сопственикот, коњот ќе се однесе во Зоолошката градина или во резерватот Јасен.

Приколката за превоз на крупен добиток од марката KNOTT е изработена по нарачка и поседува атест. За набавка на оваа приколка Градот Скопје од Буџетот издвои 298.965 денари.



# 15 НОВИ КАМИОНИ ЗА ПОДИГАЊЕ КОМУНАЛЕН ОТПАД




Петнаесет нови возила од минатиот месец го собираат и транспортираат комуналниот отпад во градот. Новите возила се набавени од компанијата „ATRIC D.O.O." од Љубљана, Словенија. Средствата за нивна набавка во вредност од околу 109.861.000 денари без ДДВ се обезбедени со кредит на Република Македонија од Светската банка во рамките на „Проектот за подобрување на општинските услуги", како подзаем на Градот Скопје.

- Градот Скопје успешно го завршува проектот за доопремување на ЈП „Комунална хигиена" со нова механизација. Досега набавивме 35 нови специјални возила за подигање и транспортирање на комуналниот отпад од контејнерите и од пластичните канти, како и метларки. За набавка на нова механизација за „Комунална хигиена" од 2009 година до денес Градот Скопје инвестираше четири милиони евра. Со ова го оствaруваме ветувањето дадено пред граѓаните дека интензивно ќе работиме на подигнување на нивото на јавната хигиена во градот – вели градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Новите возила се со капацитет на надградбата од 20, 16 и 8 кубни метри за собирање и транспортирање отпад од садови за отпад со различна зафатнина, од 1,1 кубен метар, 5 и 7 кубни метри и канти од 120 l.

Со набавката на новите специјални комунални возила значително ќе се подобри јавната хигиена во градот, ќе се зголемат капацитетите за собирање и транспортирање на отпадот во Скопје, ќе се овозможи проширување на услугата на јавното претпријатие во руралните делови на општините и ќе се исполнат еколошките стандарди - намалување на емисијата на штетни гасови и заштита на животната средина.



Совет на Град Скопје

# ФОРМИРАНА КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

Советот на Град Скопје донесе одлука за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите, со цел унапредување на нивните права и предлагање мерки за подобра здравствена заштита. Со оваа одлука, се утврдува дека оваа комисија ќе има 9 членови, и тоа: претставници на пациентите – членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници на невладините организации што се занимаваат со човековите права и граѓанските иницијативи, двајца лекари од општините и тројца членови делегирани од Советот на Град Скопје.

Надлежностите на оваа Комисија се во делот на унапредување на правата на пациентите и нивната заштита, следење и проценка на состојбата со заштитата на правата на пациентите, предлагање мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи, соработка со надлежните органи, разгледување поплаки од пациенти и давање предлози за преземање мерки до надлежни органи, барање експерти ако се оцени дека тоа е неопходно за утврдување на состојбата, водење евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите, подготвување и издавање извештај за заштитата на правата на пациентите, пред Советот на општината, односно Градот Скопје и издавање информации, промотивен и друг материјал за унапредување на правата на пациентите.

# ПРОДОЛЖУВА СОРАБОТКАТА СО СКОПСКИТЕ ОПШТИНИ

Градот Скопје продолжува да реализира проекти со скопските општини во насока на подобрување на условите за живот на граѓаните. Изминатиов период, Советот на Град Скопје даде согласност за воспоставување соработка со Општина Гази Баба за финансиско учество во преместувањето на гробиштата од Инџиково. Во реализацијата на овој проект, Градот Скопје ќе учествува со 50% од вкупната вредност на работите утврдени со договор меѓу Општина Гази Баба и АД „Бутел".

Советот на Град Скопје ја одобри и соработката со Општина Бутел, за финансиско учество во изградбата на атмосферска канализација на улица Цетинска. Градот Скопје во изградбата на оваа атмосферска канализација ќе учествува со финансиски средства во износ од 5.500.000 денари.

Согласност за соработка на Градот Скопје во проекти на општините доби и проектот „Скопје дише", за соработката со Општина Кисела Вода. Во рамките на оваа соработка на подрачјето на општината Кисела Вода ќе се постави систем за следење на квалитетот на амбиентниот воздух со дисплеј за презентирање на измерените вредности на загадувачките материи, како и на метеоролошките параметри. Овој проект е со вкупна вредност од 5 милиони денари, а Градот Скопје и Општина Кисела Вода ќе учествуваат со по 50%.



## НОВИ ЛИСТОПАДНИ ДРВЈА ВО АЕРОДРОМ

Со нови листопадни садници минатиот месец екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ уредија две парцели во општината Аеродром. Хортикултурно беше уреден простор од околу 300 квадратни метри, кај Пензионерскиот дом на улицата Васко Карангелевски.

Со зеленило беше уредена и површина од 140 квадратни метри, кај паркингот наспроти „ Мекдоналдс“ на булеварот Јане Сандански.

Градот Скопје за обнова на овие две јавни зелени површини од Буџетот одвои 150 000 денари.



## АКЦИЈА ЗА ПОТКАСТРУВАЊЕ НА КРОШНИТЕ НА ДРВЈАТА

Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ спроведоа акција за кастрење на крошните на дрвјата по должината на булеварите, во којашто беа опфатени околу 200 сообраќајници.

Во акцијата, отстранети беа гранките што ја намалуваа прегледноста во сообраќајот, односно ја попречуваа светлината од светилките што се поставени на булеварите.

## УРЕДЕНА ЈАВНАТА ПОВРШИНА ПРЕД БАЗЕНОТ ВО КАРПОШ

Градот Скопје ја уреди и јавната површина пред базенот „Младост“. На потегот од базенот до булеварот 8. Септември земјата е израмнета и нанесен е нов слој плодна земја на којашто е посеана трева.

На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“, а Градот Скопје за реализација на овој проект од Буџетот издвои околу 500 000 денари.



## ЗАЗЕЛЕНИ БУЛЕВАРОТ АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Граничното зеленило од двете страни на булеварот Александар Македонски во Автокоманда минатиот месец беше целосно реконструирано. Дотраеното зеленило беше отстрането, а на новата хумусна земјена подлога беше засеана трева.

Како дел од реконструкцијата на зелените појаси на овој потег, поставена е и комплетно нова хидрантска мрежа.



Во рамките на манифестацијата „Денови на пролетта – Денови на екологијата“ Градот Скопје ги избра најдобрите во традиционалниот градски конкурс за најголем придонес во областа на заштитата на животната средина за правни или физички лица, за најубаво уреден двор, најубав состав и најубав цртеж на тема екологија за учениците од основните и од средните училишта, за 2011 година. Овој конкурс Градот Скопје традиционално го распишува на 21 март, Денот на пролетта, и трае до 30 мај. Неговата цел е да се промовира и популаризира грижата за животната средина и природата во Скопје.

Наградата за најголем придонес во областа на заштитата на животната средина за правни или физички лица коишто со својата активност и залагање сториле најмногу за зачувување и унапредување на животната средина во градот Скопје ја доби Меѓународни училишта „НОВА“.



# НАГРАДИ ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС



Во категоријата најубаво уреден двор на објект за индивидуално домување наградата отиде во рацете на Сузана и Влатко Георгиевски, од општината Центар.

Награда за најуреден двор во категоријата двор на фирма или стопански објект доби компанијата „АУТОМОБИЛЕ СК ДОО“ експорт – импорт Скопје, на улицата Скупи.





# ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



Александар Стојков, ученик во 7а одделение во ОУ „Јан Амос Коменски“ ја доби наградата за најубав состав на тема екологија за ученици од основните училишта. Меѓу пристигнатите творби од средношколците најдобар беше составот на Викторија Спасовска, ученичка во втора година во ПСУ „Алгоритам центар“ – Скопје.

Наградата за најубав цртеж на тема екологија за ученици од основните училишта отиде во рацете на Ана Невистик, ученичка во 8б одделение во ОУ „Димитар Миладинов“. Глорија Наумовска, ученичка во втора година во СУГС „Кочо Рацин“ е авторка на најубавиот цртеж на тема екологија, меѓу средношколците.

За наградените учесници Градот Скопје доделува плакети и парични награди.



За да се подобрат условите за работа на учениците и на вработените, Градот Скопје почна голема акција за реновирање на 12 средни училишта. За реконструкцијата Градот Скопје од буџетот издвои милион евра. Со овој проект, којшто е во завршна фаза, се опфатени следниве средни училишта на Град Скопје:

1. „Михајло Пупин“ - реновирање на санитарните јазли - 1.874.927 денари.
2. „Владо Тасевски“ - реконструкција на ѕидни и подни површини и преадаптација на подрумска просторија - 2.569.030 денари.
3. „Никола Карев“ - менување на столаријата - 1.680.793 денари.
4. „Здравко Цветковски“ - реконструкција на дел од покривот и на атмосферската канализација - 3.224.539 денари.
5. „Димитар Влахов“ - менување на столаријата и реконструкција на дел од покривот - 1.033.698 денари.

# МИЛИОН ЕВРА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА









6. „Браќа Миладиновци" - санација на подот во фискултурната сала - 1.604.086 денари.
7. „Арсениј Јовков" - реконструкција на санитарни јазли и на покривот-11.728.726 денари.
8. „Панче Арсовски" - реконструкција на електричната инсталација - 8.210.546 денари.
9. „Зеф Љуш Марку" - градежно-занаетчиски работи и изведба на приклучок на централниот топлификациски систем - вкупно 3.745.594 денари.
10. „Раде Јовчевски –Корчагин" - реновирање на санитарни јазли и реконструкција на покривот - 8.492.433 денари.
11. „Георги Димитров" - менување на столаријата и реконструкција на покривот -10.243.202 денари.
12. „Орце Николов" - менување на столаријата - 4.893.424 денари.







# МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК „СКОПЈЕ 2011“

Двојките Бубуљ и Кустидиќ во машка и Велковиќ и Шкариќ во женска конкуренција, од Србија, го освоија златниот медал на Меѓународниот турнир во одбојка на песок „Скопје 2011“, што се играше на одбојкарското игралиште на Градската плажа „Парк“ од 21 до 24 јули.

На Меѓународниот турнир во одбојка на песок „Скопје 2011“ учествуваа 20 машки и 12 женски одбојкарски двојки, од коишто десет беа од странство и тоа од Србија, Хрватска, Албанија и од Холандија.

На турнирот се одиграа 45 натпревари, дваесет и три во машка и дваесет и два во женска конкуренција, а наградените добија медали, парични и стокови награди од „Алкалоид“.

Покровител на Меѓународниот турнир во одбојка на песок „Скопје 2011“ е градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, а турнирот е во организација на Градот Скопје и на Одбојкарската федерација на Македонија.

За потребите на турнирот на кејот на реката Вардар беше изградена и трибина со капацитет од 250 гледачи.





## Мултимедијален проект

# „ВЕСЕЛ ПЛОШТАД НА ЗАЈДИСОНЦЕ“

Секој петок и сабота на плоштадот „Македонија“ скопјани имаат можност да уживаат во настапите на децата членови на секциите на Детскиот културен центар „Карпош“, како и во настапите на магионичари, куклари, пантомимичари, деца од градинките и училиштата и многубројни гости од земјава и од странство. Мултимедијалниот проект насловен како „ВЕСЕЛ ПЛОШТАД НА ЗАЈДИСОНЦЕ“ се реализира еден час пред стемнување (од 19 до 20 часот). Детскиот културен центар „Карпош“ и „Универзална сала“, како јавни институции од областа на културата во коишто работат и творат голем број музички, театарски и танчарски групи, овој проект го реализираат на иницијатива на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.



## На повеќе локации во центарот на градот

# 17 МОДЕРНИ ТУРИСТИЧКИ ПАНОА

Градот Скопје постави 17 двострани рекламни паноа, тип City light витрини, со 34 тродимензионални туристички мапи на коишто се прикажани најзначајните места во нашиот град. Мапите се тројазични (на македонски, албански и на англиски јазик) и содржат приказ на регионот со легенди и информации за важните институции и други обележја значајни за градот Скопје.

Билбордите се поставени на различни локации во централното градско подрачје за да им помогнат на се побројните туристи полесно да се движат, и подобро да ја спознаат македонската метропола.

Тродимензионалните 34 туристички мапи се изработени со печат на хартија со високи стандарди, отпорни на сонце и надворешни влијанија, односно со UV заштита.






# 32„СКОПСКО ЛЕТО 2011“



Годинешново „Скопско лето 2011“ на граѓаните им понуди 80 различни проекти, а најголем дел од програмата и припадна на музиката (концерти на народна музика, етно, поп музика, блуз, џез, класична музика). Програмата опфати и десетина театарски претстави со ансамблите на театрите од земјава и театри од Турција и од Бугарија, ликовни изложби и изложби на фотографии, мултимедијални проекти и перформанси.

Во програмата на ова издание на „Скопско лето“ учествуваа околу 2.500 уметници од нашава земја и од повеќе земји од светот. „Скопско лето 2011“ се реализираше на 28 локации низ Скопје. Традиционалната манифестација и годинава ги вкрсти најголемите и најпознати домашни културни институции - Македонската опера и балет, Македонскиот народен театар, Драмскиот театар, Театарот за деца и младинци од Скопје, Народниот театар од Штип, Народниот театар од Битола, Музејот на современа уметност, Националната галерија на Македонија, Музејот на Град Скопје, Ансамблот „Танец“, Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Музичката младина на Македонија, како и врвни поединци.
















Четвртиот по ред Гурмански викенд со пиво „Пиволенд 2011“ којшто се одржуваше пред Спортскиот центар „Борис Трајковски“ од 31 август до 4 септември предизвика огромен интерес кај посетителите. На петдневниот фестивал на пивото на отворени штандови се претставија 30 пиво- производители и увозници на пиво и околу 60 брендови на пиво. За подобра атмосфера на фестивалот придонесоа наста-




# ОГРОМЕН ИНТЕРЕС ЗА










пите на 50 бендови, изведувачи и дицеи, меѓу кои Scratch that Drum, Alexandroff Ragtime Band, Gillespie, Rage Against the Machine Real Tribute band, Lollobrigida, Филм, најпознатиот македонски дицеј Кирил Цајковски и многу други.

„Пиволенд 2011“ се одржа под покровителство на Град Скопје и традиционално е во организација на Здружението на граѓани Пиволенд и Password production.



# „ПИВОЛЕНД 2011“



Музеј на Град Скопје

## СЛИКАРОТ РОДОЉУБ АНАСТАСОВ ГИ ДОНИРАШЕ СВОИТЕ ДЕЛА

Градоначалникот Коце Трајановски, директорката на Музејот на Град Скопје, Љубица Кондијанова и академскиот сликар Родољуб Анастасов потпишаа договор за донација на 389 дела од доајенот на современото македонско сликарство, што ќе останат во трајна сопственост на Музејот на град Скопје. Предмет на овој договор е Донација на дела (цртежи, акварели, пастели и дела работени во комбинирана техника и масло на платно) од целокупното творештво на Родољуб Анастасов, работени од 1957 до 2010 година.

По повод овој вреден легат од донаторот Родољуб Анастасов, Музејот во соработка со Градот Скопје и Министерството за култура на Република Македонија прави напор да се изнајдат материјални средства за адаптација на простор за отворање галерија којашто ќе го носи неговото име.



## 48 ГОДИНИ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО СКОПЈЕ

Градот ја одбележа 48-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје на 26 јули 1963 година. На градските гробишта во Бутел, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, положија цвеќиња пред Споменикот на загинатите во земјотресот.

Во рамките на одбележувањето на годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес се одржа и традиционалната крводарителска акција на Црвениот крст на Град Скопје, а во Музејот на Град Скопје беше отворена изложба со наслов „СРЕДБА НА СОЛИДАРНОСТА 1964-1973“ чијшто автор е Зоја Богдановска, виш кустос историчар

# МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ 2011“



Во хотелот „Арка“, во Старата скопска чаршија, на 26 август беа презентирани делата на десеттемина ликовни уметници, учесници на традиционалната, шеста по ред, Меѓународна ликовна колонија „СКОПЈЕ 2011“. Организатор на оваа ликовна манифестација е Музејот на Град Скопје, а покровител градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Десет ликовни уметници од земјава и од странство, инспирирани од овој автентичен амбиент и атмосфера, и овој пат ни оставаат дел од нивниот творечки опус и имагинација. Оваа ликовна колонија беше основана како дел од програмските активности на Град Скопје за промоција и заживување на Старата скопска чаршија и се надевам дека ќе остане во трајно сеќавање на нашите гости од Црна Гора, Германија, Албанија, Египет и Шведска, коишто заедно со уметниците од Македонија поминаа 10 дена дружејќи се и сликајќи ги овие убави дела - истакна на изложбата градоначалникот Трајановски.

Годинава македонските уметници Денис Тенев, Невзат Бејтула–Кица, Ставре Димитров–Стадим, Наташа Милованчев и Росица Лазеска твореа заедно со Милош Поповиќ-Мики (Црна Гора), Јустина Сметановска-Гек (Германија), Брунилда Мумајеси (Албанија), Ибрахим Газала (Египет) и Сузана Серандер (Шведска).

Како и секоја година, граѓаните ќе може да ги видат нивните дела на 13.Ноември, кога ќе бидат изложени по повод одбележувањето на годишнината од ослободувањето на Скопје.



„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
НАМ прес- Скопје




Претходно...




Ново паркиралиште пред Зоолошката градина